**Известување за концентрацијасо која 2727957 Онтарио Инк.од Канада ќе стекне самостојна контрола над сите издадени и упишани акции во Континентал Голд Инк. од Канада**

**(предмет бр. 08-101/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.12.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на 2727957 Онтарио Инк.(2727957 Ontario Inc.), со регистрирано седиште на 66 Велингтон Стрит Вест, ТД Бенк Тауер #5300 Торонто, Онтарио, Канада M5K1E6, надсите издадени и упишани акции во Континентал Голд Инк. (Continental Gold Inc.), со регистрирано седиште на 155 Велингтон Стрит Вест, Апартман 2920, Торонто, Канада.

-2727957 Онтарио Инк е под контрола на Зиџин Мининг Груп Ко. Лтд. (Zijin Mining Group Co., Ltd.), друштво основано согласно прописите на Народна Република Кина, со регистрирано седиште на бр. 1 Зиџин Авенија, округ Шангханг, провинција Фујиан, Народна Република Кина. Зиџин главно се занимава со истражување и ископување на злато, бакар, цинк и други минерални ресурси.

Зависни друштва на Зиџин Мининг Груп Ко. Лтд. во Република Северна Македонија се:

- Друштво за производство, трговија и услуги РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 11 Октомври 2-2/1 Скопје, Северна Македонијасо регистрирана приоритетна дејност – вадење на други руди и обоени метали;

- Друштво за производство, трговија и услуги РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС ДВБ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 11 Октомври 2-2/2, Скопје, Северна Македонија и регистрирана приоритена дејност - вадење на други руди и обоени метали.

-Континентал Голд Инк. се занимава примарно со развој, стекнување и истражување на своите имоти со минерали во Колумбија; дејностите на Целното друштво вклучуваат рударски активности од мал размер поврзани со развојна и истражувачка работа и Друштвото смета дека се во пред-производна фаза (pre-production stage). Друштвото е најнапредно рударско друштво за злато во Колумбија и во моментов го развива својот Буритика (Buriticá) проект во Антилокија, Колумбија на кој е 100% сопственик, за планирано производство во 2020.

Континентал Голд не е активно во Северна Македонија и нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација може да се дефинира како производство и продажба на големо на благородни метали. Што се однесува до релевантниот географски пазар, Подносителот смета релевантниот географски пазар може да се дефинира како светски или барем национален.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

23.12.2019 година
Скопје